<table>
<tr><th colspan="3">Седмица: 12 Час: 4<br>Датум:</th><th colspan="3">Тема 3: Програма за мултимедијални презентации<br>Наставна единица: Уредување слајд</th><th>Одделение:<br>IV</th></tr>
<tr><th rowspan="2">Распоред (делови од часот)</th><th rowspan="2">Цели на учење</th><th rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</th><th colspan="2">Активности</th><th rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</th><th rowspan="2">Доказ за постигнувањата</th></tr>
<tr><th>Опис</th><th>Организациони форми</th></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td rowspan="3">Да демонстрира соодветен избор на распоред на елементи на слајд и дизајн на слајд;</td><td><u>Сите можат:</u><br>да објаснат што е дизајн</td><td>Со учениците се дискутира за поимот дизајн. Дали дизајнот на производот влијае на неговата привлечност? Какви особини треба да има еден производ за да го привлече вашето внимание? Најава на целта на часот: Ние немаме производ, туку имаме слајд на кој треба да му дадеме убав изглед.</td><td>З<br>метод на разговор</td><td rowspan="3">План за правење презентација<br><br>Компјутери<br><br>LCD проектор</td><td>Дискусија</td></tr>
<tr><td>30 мин.</td><td><u>Повеќето можат:</u><br>да променат изглед и дизајн на слајд</td><td>- Секоја група треба да ја отвори својата презентација, да направи распоред на елементи на слајд и да вметне дизајн на слајдот соодветен на темата на презентацијата.<br>- Наставникот ја демонстрира постапката за извршување на оваа задача, а учениците ги следат неговите инструкции и ги применуваат во своите презентации.<br>• Активности за изглед и дизајн на слајд:<br>• се внесува нов слајд и во панелот за задачи во јазичето Распореди, со лев клик се одбира дизајн со распоред на елементи во слајдот, се внимава да нема преклопување на рамките со насловот, а потоа во полето за внес на текст се клика и внесуваат текст соодветен на темата;<br>• за дизајн на слајд се избира Форматирај > Изглед на слајдови и во Панелот со задачи во јазичето Оригинали, се отвораат различни изгледи на слајдови;<br>• со лев клик на избраниот дизајн се нанесува дизајн на сите слајдови истовремено;<br>• можеме да одбереме и различен дизајн за секој слајд одделно, со лев клик се селектира слајдот на кој сакаме да му смениме дизајн, потоа во Панелот со различни дизајни на слајдови со десен клик се избира Примена на избраните слајдови.</td><td>метод на демонстрација<br><br>Г<br>метод на работа со компјутер</td><td>Набљудување<br><br>Изработена презентација</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td><u>Некои можат:</u><br>да употребат нов дизајн на слајд</td><td>Истражуваат нови дизајни на слајд и дискутираат дали се соодветни за нивната презентација.</td><td>И<br>метод на работа со компјутер<br>метод на објаснување</td><td>Набљудување</td></tr>
<tr><th colspan="3">Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста</th><th colspan="3">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</th><th>Клучна терминологија</th></tr>
<tr><td colspan="3">Воведен дел: Објаснување на поимот дизајн<br>Главен дел: Работа во групи и менување на изглед и дизајн на слајд, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: истражување на нови дизајни на слајд</td><td colspan="3"></td><td>распоред на слајд,<br>дизајн на слајд.</td></tr>
</table>